Врз основа на член 22 став (1) точка 1, член 62 став (1) од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 14 став (4) од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16), Советот на Општина Лозово на седница одржана на ден 11.12.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА

# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ УЛИЦИ И ПАТИШТА, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ЛОЗОВО ЗА 2024 ГОДИНА

## 1. ВОВЕД

Со оваа програма се утврдуваат финансиските средства за изградба, реконструкција и рехабилитација, како и за редовно и инвестиционо одржување на локалните улици и патишта во надлежност на Општина Лозово за 2024 година, нивниот распоред и користење по намени.

## 2. ПРИХОДИ

Финансиските средства за изградба, реконструкција и рехабилитација како и за редовно одржување на локалните улици и патишта во Општина Лозово за 2024 година, ќе се остварат од следниот извор:

- од ЈП за државни патишта на РМ (средства за 2024 година) – 1 680 000 денари;

- од Буџетот на Општина Лозово (средства за 2024 година) – 5 000 000 денари;

- од средства обезбедени од Минстерство за транспорт и врски и Светска банка;

- од средства обезбедени од Центар за развој на Вардарски плански регион – 15.102.820 денари;

- од средства обезбедени од Биро за регионален развој.

## 3. АКТИВНОСТИ

Во 2024 година Општина Лозово, за реализација на оваа Програма ќе ги превземе следниве активности, и тоа:

- поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација на локалните патишта и улици, поставување на сообраќајни знаци на локалните патишта и улици, обележување на пешачки премини, лежечки полицајци и сл. – 400 000 денари;

- бетонирање на улици или поставување бекатон плочки на улици кои се тесни и е оневозможено нивно асфалтирање - 1 000 000 денари;

- тампонирање на улици на територија на Општина Лозово – 1 000 000 денари;

- асфалтирање на улица 8 во с.Дорфулија во должина од 270,01м со средства во висина од 2.668.883 денари со ддв, од кои Биро за регионален развој ќе учествува со 2.401.995 денари а Општина Лозово ќе кофинансира со средства од 266.888 денари;

- асфалтирање на улици на територијата на Општина Лозово, ќе се реализираат со средства обезбедени од Министерство за транспорт и врски како одговор на Одлука за алоцирање на средства од договор за заем од Светска банка и се со следниов распоред:

| **Населено место** | **Број на улици** | **Должина** | **Сума со ддв (денари)** |
|---|---|---|---|
| Аџиматово | 1 | 154м | 1.305.637,55 |
| Каратманово | 7 | 1051,24м | 10.971.067,57 |
| Дорфулија | 7 | 1472,87м | 11.141.396,07 |
| Милино | 8 | 1240м | 10.269.879,05 |
| **Тотал:** | **23** | **3918,11м** | **33.687.980,24** |

- реконструкција на фаза II регионален пат Ѓуземелци-Кнежје во износ од 15.102.820 денари средства обезбедени од Центар за развој на Вардарски плански регион со кофинансирање од Општина Лозово;

- исплата на обврски од претходни години.

**4. Преодни и завршни одредби за спроведување на оваа Програма, надлежен е Градоначалникот на Општина Лозово.**

Програмата за изградба, реконструкција, рехабилитација и одржување на локалните улици и патишта, на подрачјето на Општина Лозово за 2024 година, е во согласност со планираните средства на Буџетот на Општина Лозово за 2024 година.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Лозово”, а ќе започне да се применува од 01.01.2024 година.

**Број_____________________** **Совет на Општина Лозово**

**Дата: ______________** **Претседател**

**Изготвил: Стефан Николовски** **Владе Миланов**

______________________ __________________